# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 1 * година VII* 01.02.2012 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, февруари 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош за 2011 година донесени на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош

1.Се објавуваат Заклучокот за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош за 2011 година донесен на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош за 2011 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ”Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-506/1**
**31.01.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет КОЗЛЕ, МЗ “Кузман Јосифовски Питу“, дел од Блок 35 и дел од Блок 34

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет КОЗЛЕ, МЗ “Кузман Јосифовски Питу“, дел од Блок 35 и дел од Блок 34 донесен на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/2** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09, 124/2010,18/2011 и 53/2011) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет КОЗЛЕ, МЗ “Кузман Јосифовски Питу“, дел од Блок 35 и дел од Блок 34

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет КОЗЛЕ, МЗ “Кузман Јосифовски Питу“, дел од Блок 35 и дел од Блок 34 .

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: границата оди по осовината на магистрална улица Јужен Булевар Македонија

**На исток:** границата оди по осовината на пристапна патека и по границите на катастарските парцели: 5485, 5491, 5495/1 и 5494/2

**На југ:** границата оди по осовината на улица Јуриј Гагарин

**На запад:** границата оди по осовината на пешачка патека па преку крак на новопроектирана улица до осовината на Јужен Булевар Македонија

Површината на урбаниот опфат изнесува 1,46 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи А1 со компатибилни намени, и домување во станбени згради А2 со компатибилни намени,комунална супраструктура и заштитно зеленило.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

А1 – домување во станбени куќи со компатибилни намени со вкупно учество на компатибилни намени до 30%

А2 –домување во станбени згради со компатибилни намени со вкупно учество на компатибилни намени до 40%

Е2-комунална супраструктура

Д2-заштитно зеленило

Максималната висина на градбите намена А1 изнесува Нмах.=10.20м. , а за градбите со намена А2 Нмах.-21м.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 506/2**
**31.01.2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Буџетскиот календар за 2012 година

1.Се објавува Буџетскиот календар за 2012 година донесен на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## ЗА 2012 ГОДИНА

1.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина Карпош го усвојува буџетскиот календар | јануари, |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | до 30 јуни |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерство за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансии подготвува процена на вкупните приходи,ги разгледува,анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува Нацрт-Буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување | до 30 октомври |
| 7. | Советот на Општината го одобрува Предлогот на Планот на Програмите за развој | најдоцна |

| | | |
|---|---|---|
| | | до 15 ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош | најдоцна од 15 ноември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

**2.**Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07 – 506/3**
**31.01.2012 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година донесена на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен галсник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Четириесет и сдмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

## О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 19/2011) во членот 7 став 2 процентот “15“ се заменува со “20“.

**Член 2**

Во членот 9 ставот 1 се менува и гласи:

“ Основицата за исплата на платата на градоначалникот сметано од јануари 2012 година изнесува 25.726,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/4**
**31.01.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје донесено на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-777/5** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 3, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови во
Училишниот одбор на ОУ “Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје

1.Се разрешуваат од членови на Училишниот одбор на Основното училиште “Лазо Трповски “ - Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

- Олга Апостоловска, и
- Брицита Ивановска

2.За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Лазо Трповски “-Општина Карпош се именуваат:

-Олга Лукарева

-Маја Димовска

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/5** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01.2011 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ "Димо Хаџи Димов" Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ "Лазо Трповски" Општина Карпош-Скопје донесено на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-777/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 3, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови во
Училишниот одбор на ОУ “Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош-Скопје

1. Се разрешуваат од членови на Училишниот одбор на Основното училиште “Димо Хаџи Димов “ – Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

- Дарко Дракуловски, и
- Љупчо Костадиновски

2.За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Димо Хаџи Димов “-Општина Карпош се именуваат:

-Мила Царовска

-Александар Ѓорѓиевски

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/6**
**31.01 .2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје донесено на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-777/7**
**01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 3, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување на членови во

Училишниот одбор на ОУ “Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје

1. Се разрешуваат од членови на Училишниот одбор на Основното училиште “Војдан Чернодрински “ – Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

- Марјан Стојков, и
- Гордана Цветковска

2.За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Војдан Чернодрински “-Општина Карпош се именуваат:

-Кире Стојановски

-Гоце Прцуловски

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/7**
**31.01 .2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош-Скопје донесено на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/8**
**01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 3, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош на Четриесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување на членови во
Училишниот одбор на ОУ “Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош-Скопје

1.Се разрешуваат од членови на Училишниот одбор на Основното училиште “Христијан Тодоровски Карпош “ - Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

- Давор Грче, и
- Василка Китановиќ

2.За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Војдан Чернодрински “-Општина Карпош се именуваат:

-Игор Стојановски

-Маша Ткаленко

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/8** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01 .2012 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за учество на Општина Карпош во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум”

1.Се објавува Одлуката за учество на Општина Карпош во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум” донесена на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

# ОДЛУКА
за учество на Општина Карпош во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум”

Член 1

Се одобрува Општина Карпош да учествува во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум”, кофинансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC.

Член 2

Половина од финансиските средства во износ од 2.400.000,00 денари ги обезбедува Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC, а преостанатиот дел од средствата во износ од 2.400.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, доколку општината го добие проектот.

Член 3

Преку апликацијата на форумот на заедницата, општината дефинира 3 теми врз основа на проценка на развојните области кои најмногу треба да се решат и создаваат потешкотии во секојдневниот живот на граѓаните: социјално вклучување на лицата со посебни потреби и нивните семејства, енергетско ефиксни објекти (основно образование), енергетско ефикасни објекти (детски градинки). На првата форум сесија, граѓаните ќе одлучат која од предложените теми е најзначајна за нив.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-506/9** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01..2012 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување наОдлуката за обезбедување средства за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум”

1.Се објавува Одлуката за обезбедување средства за учество на Општина Карпош во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум” донесена на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-777/10** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

ОДЛУКА
за обезбедување средства за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум”

Член 1

Половина од финансиските средства потребни за трошоците за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “Форуми во заедницата-Проектен форум” во износ од 2.400.000,00 денари и трошоци поврзани со форумски сесии (просторија каде ќе се одржува форумот, освежување, трошоци за Оперативна група, трошоци за односи со јавност, трошоци за превоз, за превод-доколку е потребно и други), ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, од Програмата за општинска администрација, доколку општината го добие проектот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 506/10** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01.2012 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување нормирани цени за изведување на дополнителни градежни работи при склучување на договори за дополнителни работи

1.Се објавува Одлуката за утврдување нормирани цени за изведување на дополнителни градежни работи при склучување на договори за дополнителни работи донесена на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/11**
**01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување нормирани цени за изведување на дополнителни градежни работи при склучување на договори за дополнителни работи

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат нормирани цени за изведување на дополнителни градежни работи при потреба од склучување на договори за дополнителни работи, како следи во табелата:

| Ред. Бр | Опис на работите | Единечна Мерка | Единечна цена најмногу до |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на бетонски закривени рабници за изведба на обрач (венец) околу постоечките дрва | парче | 5,000.00 |
| 2 | Нивелирање на постоечки капаци од шахти спрема новоформираната висина на паркингот (подигање или спуштање) со бетонирање со поставување на мрежаста арматура во квадратна оплата | парче | 3,000.00 |
| 3 | Набавка, транспорт и вградување на речен шљунак за подобрување на подлогата | $м^3$ | 550.00 |
| 4 | Нивелирање на постоечки сливници спрема новоформираната висина на паркингот (подигање или спуштање) со бетонирање со поставување на мрежаста арматура во квадратна оплата | парче | 2,200.00 |
| 5 | Набавка, транспорт и монтажа на лиеножелезен капак - среден тип | парче | 8,500.00 |
| 6 | Набавка, транспорт и вградување на хумус на простор помеѓу зелен појас и рабници | $м^2$ | 200.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Штемовање на бетон со компресор | час | 2,200.00 |
| 8 | Штемовање на армиран бетон со компресор | час | 2,300.00 |
| 9 | Штемовање на двојно армиран бетон со компресор | час | 2,400.00 |
| 10 | Демонтажа и монтажа на постојни бехатон елементи д=6см | $м^2$ | 350.00 |
| 11 | Изработка на уличен сливник Ф 400 комплет со лиеножелезен капак за тежок сообраќај | парче | 16,000.00 |
| 12 | Машинско вадење на корења од дрва со дијаметар до 1м | парче | 3,500.00 |
| 13 | Рачно добетонирање на површини д=10см | $м^3$ | 5,500.00 |
| 14 | Рачен ископ на земја 3-та и 4-та категорија во тесен откоп за темел на бетонски парапет од ограда | $м^3$ | 320.00 |
| 15 | Набавка, транспорт и вградување на мрежаста арматура Q196 во темел и во ѕид од ограда | кгр | 55.00 |
| 16 | Висинско нивелирање на канализациона шахта со поставување на бетонски елементи (цевка) L=50см и изработка на бетонски прстен, комплет со штемовање и поставување на стар лиеножелезен капак | парче | 12,000.00 |
| Ред. Бр | Опис на работите | Единечна Мерка | Единечна Цена |
| 17 | Набавка, транспорт, поставување и боење со црна и жолта боја бетонски рабници 18/24/100см над бехатон од паркинзи | м' | 650.00 |
| 18 | Поставување на анкери на меѓусебно растојание од 2,0м во парапет од бетонска ограда | парче | 150.00 |
| 19 | Рашалување на канализациона шахта | $м^2$ | 320.00 |
| 20 | Набавка и поставување качувалки во шахта од бетонско железо Ф18 со бушење дупки со хилта | парче | 120.00 |
| 21 | Бетонирање армиранобетонски темел и парапетен ѕид на ограда МБ30 и употрена на двострана глатка оплата | $м^3$ | 6,200.00 |
| 22 | Рачен ископ за атмосферска, фекална, и водоводна мрежа (длабок ископ) | $м^3$ | 370.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | Набавка на цевки ф250 и нивно вградување | м' | 950.00 |
| 24 | Подигање, нивелирање на капаци од водоводна мрежа | парче | 3,500.00 |
| 25 | Набавка и изработка комплет шахта тип 1000 за фекална канализација со тежок капак | парче | 35,500.00 |
| 26 | Геодетско обележување и снимање на трасата од улицата | м' | 50.00 |
| 27 | Машинско стругање и орапавување на постојниот коловоз 0-3 см со чистење на псотојниот коловоз со вирген машина | $м^2$ | 100.00 |
| 28 | Сечење на асфалтна к-ција за спој со постоечкиот асфалт | м' | 100.00 |
| 29 | Утовар и транспорт на градежен шут и струган асфалт до депонија на оддалечњеност од 25 км | $м^3$ | 250.00 |
| 30 | Набавка транспорт и вградување на тампонски слој д=20 см со планирање и набивање до потребна збиеност | $м^3$ | 800.00 |
| 31 | Чистење и обеспрашување на коловозна конструкција со компресор, четка и перење со вода и прскање со битуменска емулзија на исчистените површини | $м^2$ | 80.00 |
| 32 | Набавка, транспорт и вградување на асфалт БНС 24со спрег од ваљаци д=7см со финишер и набавување | $м^2$ | 800.00 |
| 33 | Набавка, транспорт и вградување на асфалт бетон АБ 11 со д=5 см со финишер и набивање со спрег од ваљаци | $м^2$ | 650.00 |
| 34 | Рачно демонтирање на постоечки метални делови од ограда и влезни врати со нивно складирање во дворно место | м' | 250.00 |
| | Рачно и маши. отстранување на постоечки бетонски делови од дворна ограда (парапет, стопи и столбови за врати) со утовар и транспорт до депонија на растојание над 3 км | | |
| 35 | Рачно отстранување на бетонски делови со компресор и хилта 50% | $м^3$ | 1,500.00 |
| | Машинско отстранување на бетонски делови со компресор и хилта 50% | $м^3$ | 500.00 |
| 36 | Рачен и машински ископ на земја и бетонска кошулица од дворни места за бетонирање на стопи од огради 0.6x0.5xL, со | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | утовар и транспорт до депонија на растојание над 3 км | | |
| | Рачен ископ 50% | $м^3$ | 400.00 |
| | Машински ископ 50% | $м^3$ | 200.00 |
| 37 | Набавка транспорт и вградување на арматурна мрежа Q196 за темели и цокла | кгр | 65.00 |
| Ред. Бр | Опис на работите | Единечна Мерка | Единечна Цена |
| 38 | Набавка, транспорт и вградување на бетон МБ 30 за стопи во оплата со пресек 0.5x0.6xL | $м^3$ | 6,000.00 |
| 39 | Набавка, транспорт и вградување на бетон МБ 30 за цокле со пресек 0.2x0.5xL во двостарана мазна оплата | $м^3$ | 7,500.00 |
| 40 | Рачен ископ на земја во канал околу објектот за изработка на бетонски темел со димензии на ископот 0.5x0.5 | м' | 550.00 |
| 41 | Тампонирање на тротоари со тампон од кршен камен со димезии од ископ 210x1x0.1м | $м^3$ | 950.00 |
| 42 | Тампонирање на дно од темел со тампон од кршен камен со димензии 210x0.5x0.1 | $м^3$ | 950.00 |
| 43 | Бетонирање на тротоари во полиња од 2м со бетон МБ 30 со димезии на бетонирање 210x1x0.1 м | м' | 500.00 |
| 44 | Бетонирање на темели за парапетен ѕид со пресек 0.5x0.6 | $м^3$ | 5,300.00 |
| 45 | Бетонирање на парапетен ѕид во мазна двостарна оплата со МБ 30 со пресек 0.5x0.25 | $м^3$ | 6,700.00 |
| 46 | Набавка,м транспорт и поптсваување на мрежаста арматура Q196 | | |
| | за тротоари | кгр | 65.00 |
| | за темели | кгр | 65.00 |
| | за парапетен ѕид | кгр | 65.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 47 | Изработка на метална ограда од полно квадратно железо со висина на ограда од 1.5м и метални столбови од профили 60х60 кој влегува во темел со дел од својата должина | м' | 2,500.00 |
| 48 | Изработка на двокрилни капии од метални профили исто како оградата на шарки комплет со рајбер, брава и цилиндар со димезии 3.5х1.5 | парче | 15,000.00 |
| 49 | Изработка и монтажа на метални решетки за прозори од школо | парче | 20,000.00 |
| 50 | Мрсно фарбање на ограда, капии и конструкција за топла врска во црна боја | $м^2$ | 120.00 |
| 51 | Арбихтување на бетонско цокле од заштитна ограда со абрихт во сина боја | $м^2$ | 220.00 |
| 52 | Транспорт, монтажа и демонтажа на челично скеле со заштитна завеса и заштита кај премините | $м^2$ | 60.00 |
| 53 | Подготовка со миење и чистење на фасадна површина заедно со балконски парапет и цокле | $м^2$ | 6.00 |
| 54 | Симнување и лупење на лабилен малтер од фасадни површини и одвоз до депонија | $м^2$ | 7.00 |
| 55 | Малтарење на оштетени површини со подолжен малтер со претходна пенетрација и стабилизација на стар малтер | $м^2$ | 7.00 |
| 56 | Импрегнирање на постоечка фасада и изработка на ДЕМИТ фасада | $м^2$ | 1,200.00 |
| 57 | Импрегнирање на постоечка фасада на балкони и изработка на фасада со подлога, лепак мрежа и зарибан абриб | $м^2$ | 900.00 |
| 58 | Обработка на балкони со Сипрокол економик нанесување со глетарка во два слоја на претходно нанесена подлога - Акрилен силикат | $м^2$ | 450.00 |
| Ред. Бр | Опис на работите | Единечна Мерка | Единечна Цена |
| 59 | Чистење на челичен лим на парапетни огради од балконите и подготовка за боење | м' | 70.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 60 | Боење на парапетни лимови окапници на балкони со маслена боја со претходно нанесен заштитен премаз | м' | 180.00 |
| 61 | Нанаесување на подлога Акрилен силикат за фасадна боја во два слоја | $м^2$ | 60.00 |
| 62 | Завршна обработка на фасадни површини со боење со акрилна боја во два слоја | $м^2$ | 100.00 |
| 63 | Обработка на ивици на фасада и прозори со груба и фина лајсна со мрежа | м' | 100.00 |
| 64 | Демонтажа на стара обработка на површини и монтажа на нови прозорски окапници | м' | 420.00 |
| 65 | Нанесување на лепак и мрежа и обработка и обработка на цокле на фасада со кулир од печен и миен мермер во боја | $м^2$ | 2,100.00 |
| 66 | Демонтажа на стари и поставување на нови вертикални и хоризонтални олуци | м' | 1,200.00 |
| 67 | Демонтажа на стари парапетни лимови, обработка на површини со лепак и мрежа и поставување на нов парапетен лим рш 58см | м' | 1,100.00 |
| 68 | Сечење на асфалт за реконструкција на тротоари | м' | 80.00 |
| 69 | Машински ископ на земја III и IV категорија, асфалтен слој и бетонска подлога d=20 см на тротоарска површина со одстранување на стари рабници = 70% од ископот | $м^3$ | 200.00 |
| 70 | Рачен ископ на земја III и IV категорија, асфалтен слој и бетонска подлога d=20 см на тротоарска површина со одстранување на стари рабници = 30% од ископот | $м^3$ | 300.00 |
| 71 | Машински утовар на материјал од ископ со одвоз до депонија на растојание од 5-10 км со растреситост на материјал 25% | $м^3$ | 220.00 |
| 72 | Изработка на постелка (подтло) со планирање и валирање до потребна збиеност | $м^2$ | 60.00 |
| 73 | Набавка, транспорт и вградување на рабници во слој од тампон и бетон минимум МБ 30 со димензии 18/24/100 со | м' | 600.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фугирање | | |
| 74 | Набавка, транспорт и вградување на рабници во слој од бетон минимум МБ 30 со димензии 8/20/100 со фугирање | м' | 350.00 |
| 75 | Набавка, транспорт, планирање и набивање до потребна збиеност на слој од тампон d=15см | $м^3$ | 1000.00 |
| 76 | Набавка, транспорт и планирање ситен песок во слој d=5см | $м^2$ | 60.00 |
| 77 | Набавка, транспорт и вградување на бехатон во сива боја со d=6 см, со минимум МБ 30, набивање со вибро плоча, посипување со песок за полнење на фугите и отстранување на вишок од песок со метење на тротоарската површина | $м^2$ | 550.00 |
| 78 | Набавка, транспорт и вградување на бехатон во црвена боја со d=6 см, со минимум МБ 30, набивање со вибро плоча, посипување со песок за полнење на фугите и отстранување на вишок од песок со метење на тротоарската површина | $м^2$ | 600.00 |
| Ред. Бр | Опис на работите | Единечна Мерка | Единечна Цена |
| 79 | Демонтажа и повторна монтажа на големи рабници 18/24/100см на подлога од бетон со фугирање | м' | 350.00 |
| 80 | Изработка на столбови за ограда 100x100x3 | парче | 2,950.00 |
| 81 | Изработка на анкер плочи 15x15 | парче | 150.00 |
| 82 | Монтажа на ограда со столбови | м' | 400.00 |
| 83 | Демонтажа на ограда со столбови | м' | 250.00 |
| 84 | Префарбување на ограда | $м^2$ | 42.00 |
| 85 | Кршење на бетон со пикамер (рачен), со штемовање | час | 2,400.00 |
| 86 | Рачно сечење на дрво – канадска топола (мал пречник на дрво) | парче | 20,000.00 |
| 87 | Рачно сечење на дрво – канадска топола (голем пречник на дрво) | парче | 40,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 88 | Заградување на дрвја со готови префабрикувани кружни елементи | парче | 6,000.00 |
| 89 | Набавка, транспорт и вградување на бетонски каналетки со подлога од тампон и бетон | м' | 1,000.00 |
| 90 | Рачно вградување на асфалт за крпење на ударни дупки со претходно вертикално засечување на ивици, чистење обеспрашување и прскање со емулзија на хоризонтални површини | тон | 6,300.00 |
| 91 | Машинско сечење на бетон д=20 см | м' | 150.00 |
| 92 | Изведба на подгради на канал со широчина до 2 м и длабочина од 0-4 м | $м^2$ | 150.00 |
| 93 | Набавка, транспорт и монтажа на коругирани полиетиленски канализациони цевки согласно стандардот ЕН 13476-3 заедно со споен материјал | | |
| | OD 315мм SN 8 | м' | 850.00 |
| | OD 315мм SN 16 | м' | 1,450.00 |
| | OD 400мм SN 8 | м' | 1,300.00 |
| | OD 400мм SN 10 | м' | 2,000.00 |
| | OD 400мм SN 16 | м' | 2,200.00 |
| | OD 630мм SN 8 | м' | 2,500.00 |

. член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 506/11** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01.2012 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца -Детска градинка “Изворче –Монтесори“ Скопје.

1.Се објавува Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Детска градинка “Изворче–Монтесори“ Скопје донесен на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/12** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 12 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009 и 170/2010) Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

З А К Л У Ч О К
за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца -Детска градинка “Изворче –Монтесори“ Скопје

1.Се дава Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Изворче –Монтесори “-Скопје, донесен од Управниот одбор на градинката.

2.Заклучокот да се достави до Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Изворче –Монтесори “-Скопје.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07- 506/12**
**31.01.2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконстрикција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош

1.Се објавува Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконстрикција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош донесен на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/13** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 9, член 129, член 134 и член 136 од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 16/11), член 9 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр. 59/2011), член 5 од Законот за градежни производи (Службен весник на РМ бр. 39/06), а во врска со член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“службен весник на РМ бр.05/02), Советот на Општина Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконстрикција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат техничките услови за ограничување на годишната потрошувачка на енергија за греење на објектите кои инвеститорите на нови и постоечки станбени и нестанбени згради на територијата на Општина Карпош треба да ги предвидат во основните проекти. Мерките се однесуваат и на постоечките згради во случај на нивна поголема реконструкција.

**Категоризација на згради**

**Член 2**

Во терминот “станбени згради“ опфатени се индивидуални и колективни станбени згради. Во терминот “нестанбени згради“ опфатени се:

1. Деловни и управни згради;
2. Згради за образование и библиотеки:
3. Болници, санаториуми, домови за стари лица, објекти за нега итн.;
4. Детски градинки и јасли;
5. Хотели, мотели, студентски домови;
6. Угостителски објекти;
7. Стоковни куќи и други трговски објекти;
8. Индустриски и други згради или нивни делови кои се греат на најмалу 18°C;
9. Спортски објекти или нивни делови кои се греат на најмалу 18°C;
10. Зони во згради со мешовита употреба доколку содржат еден или повеќе од горе наведените типови.

**Исклучоци**

**Член 3**

Барањата за исполнување на критериумите за енергетски карактеристики на згради во овој Правилник не се однесуваат на следните категории згради:

- згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било неприфатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот;
- згради кои служат за религиозни цели;
- времени објекти со планирано време на употреба од две години или пократко;
- станбени објекти чија планирана употреба е пократка од четири месеци во текот на годината;
- објекти за престој со вкупна внатрешна корисна површина помала од 50 $m^2$.

**Одобрение за градење**

**Член 4**

Приложената техночка документација пред издавањето на одобрението за градење ќе биде контролирана во Секторот за урбанизам и Секторот за заштита на животната средина и природата.

**Повикување на стандарди**

**Член 5**

Било кое повикување на одреден стандард во Правилникот се однесува на неговото последно издание или на нов стандард со кој е заменет повиканиот.

## II. ТЕХНИЧКИ МЕРКИ

**Дефиниции**

**Член 6**

За потребите на овој Правилник во употреба се следните дефиниции:

1. **"зграда"**
   конструкција со покрив и ѕидови, за која се користи енергија за регулирање на внатрешните климатски услови; терминот "зграда" може да се однесува на зграда како целина или делови од истата што биле проектирани или променети за одделна употреба;
2. **"енергетски карактеристики на зградата"**
   количество енергија што се користи или е проценето за исполнување на различните потреби во врска со вообичаена употреба на зградата. Во однос на овој Правилник, терминот се однесува само на енергија потребна за греење на зградата, изразена преку нумерички показател $kWh/m^2$ за станбени згради или $kWh/m^3$ за нестанбени згради, на годишно ниво;
3. **"обвивка на зграда" $A$ ($m^2$)**
   вкупна надворешна површина на зграда (ѕидови, покриви, меѓукатни конструкции под и над негреан простор, еркери, прозорци и прозорец-врати, хоризонтални и

вертикални конструкции вкопани во терен) низ која топлината се пренесува кон надворешноста, пресметана во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789;

4. **"корисна површина"** $A_n$ **(m²)**

внатрешна нето подна површина на греан простор според проектот;

5. **"бруто греан волумен на зграда"** $V_e$ **(m³)**

волумен на зграда, затворен со надворешна обвивка на зградата, пресметан со надворешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789;

6. **"нето греан волумен на зграда"** $V$**(m³)**

волумен на зграда затворен со надворешна обвивка на зградата, пресметан со вантрешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789. За поедноставена пресметка може да се примени $V = 0{,}8\ V_e$ (m³);

7. **"факор на форма на зграда"** $f_0 = A / V_e$ **($m^{-1}$)**

однос помеѓу вкупна површина на обвивката $A$ и греаниот волумен на зградата $V_e$, затворен со обвивката;

8. **"коефициент на топлинска спроводливост"** $\lambda$ **(W/m·K)**

основно својство на материјал измерено при средна работна температура и влажност на материјалот;

9. **"коефициент на пренесување на топлината"** $U$**(W/m²·K)**

вкупен трансфер на топлина низ елемент на обвивка на зградата, со вклучени кондукција, конвекција и радијација, пресметан во согласност со стандардот МКС EN ISO 6946;

10. **"топлински мост"**

дел од обвивка на зграда каде топлинските протоци се зголемени заради разликите во материјали, дебелина на материјали или геометрија на конструкцијата;

11. **"фактор ⊞а влијание на топлинскиот мост"** $U_{TB}$ **(W/m²·K)**

вредност со која се компензира влијанието на топлинските мостови;

12. **"коефициент на топлински загуби со трансмисија"** $H_{tr}$ **(kW)**

топлински загуби причинети од минување на топлината низ обвивката на зграда;

13. **"коефциент на специфични топлински загуби со трансмисија"** $H'_T$ **(W/m²·K)**

топлински загуби причинети од минување на топлината низ обвивката на зграда;

14. **"енергетски потреби за греење"** $Q$**(kWh/m²a)**

вкупно потребно количество топлина за греење на m² за станбени и нестанбени згтради, на годишно ниво, во текот на грејната сезона;

15. **"траење на грејна сезона"**

број на денови помеѓу почеток и крај на грејната сезона. За климатските услови на Општина Карпош почеток на грејната сезона е 19 октомври а крај на грејната сезона е 13 април. Број на денови за греење е 176;

16. **"број на часови за греење во текот на ден"** $h$

оваа бројка варира во зависност од врстата на зградата, од намената, режимот на употреба итн.;

17. **“надворешна проектна температура“** $_{e}$ **(°C)**

за климатските услови на Општина Карпош $_{e}$ = -15°C;

18. **“средна надворешна проектна температура во грејна сезона“** $_{a}$ **(°C)**

надворешна температура која е проектна основа за димензионирање на системот за греење. За климатските услови на Општина Карпош$_{e}$ = 5,1°C;

19. **“внатрешна проектна температура“** $_{i}$ **(°C)**

температура во простории која е дефинирана во проектот, вообичаено 20°C;

20. **“степен ден“ DD**

разлика помеѓу внатрешна проектна температура и средна надворешна проектна температура во грејна сезона, помножена со број на денови за греење. За климатските услови на Општина Карпош DD = 2 600;

21. **“греан простор“**

ограден затворен простор кој се грее на една или повеќе внатрешни проектни температури;

22. **“негреан простор“**

просторија или ограден затворен простор кој не е дел од греаниот простор и не се грее;

23. **“зграда со нормална температура“**

зграда која во текот на цела грејна сезона се грее на внатрешна проектна температура повисока од 18°C;

24. **“нискотемпературна зграда“**

нестанбена зграда која најмалку 3 месеци во годината се грее на температура 12 - 18°C;

25. **“поголема реконструкција“**

реконструкција на постоечка зграда со корисна подна површина поголема од 500 $m^2$, доколку реконструкцијата се однесува на градежни компоненти и/или системи и/или други елементи кои влијаат на енергетската ефикасност;

26. **“методологија за пресметки“**

математички процедури со повикување на соодветни стандарди, кои имаат за цел да ги дефинираат енергетските карактеристики на градежните конструкции како составни компоненти на зградата и врз база на тоа вкупните енергетски карактеристики на зградата, во поглед на исполнување на поставените критериуми;

27. **“елаборат за градежна физика“**

соствен дел на основниот проект во кој во согласност со методологијата и стандардите наведени во овој Правилник ќе се приложи доказ за задоволување на критериумите пропишани во Правилникот;

**Елаборат за градежна физика**
**Член 7**

Мерките за ограничување на годишната потрошувачка на енергија за греење се содржани во фазата во проектите, Елаборат за градежна физика. Основниот проект мора да содржи ваков Елаборат, во кој преку градежно-физички пресметки треба јасно да се докаже дека проектираните градежни конструкции и комплетниот објект во целина ги задоволуваат барањата од овој Правилник.

Пресметките се однесуваат на:

- коефициенти на пренесување на топлината $U$ за секоја градежна конструкција, споредени со вредностите $U$ во Табела 1 во Прилози во овој Правилник;
- коефициент на специфични топлински загуби со трансмисија $H_T$ на целиот објект, спореден со вредностите $H_T$ во Табела 2 во Прилози во овој Правилник.

Пресметките во Елаборатот за градежна физика се прават според методологија дадена во во Прилогот "Методологија за пресметки во елаборатот за градежна физика".

Македонски стандарди за поддршка на методологијата дадени се во "Листа на стандарди потребни за методологијата за пресметки" во Прилози во овој Правилник.

Податоци за топлинско-технички својства на градежни материјали потребни во пресметките дадени во Табела 3 во Прилози.

**Критериуми за станбени згради со нормална температура**
**Член 8**

Максимално дозволени коефциенти на специфични трансмисиски топлински загуби $H_T$ на новоизградени станбени згради со внатрешна температура $_i$ ≥ 18°C, во зависност од факторот на форма на зградата ($f_0$), се дадени во Табела 2 во Прилози.

**Критериуми за нестанбени згради со нормална температура**
**Член 9**

Максимално дозволени коефциенти на специфични трансмисиски топлински загуби $H_T$ на новоизградени нестанбени згради со внатрешна температура$_i$ ≥ 18°C, во зависност од факторот на форма на зградата ($f_0$), се дадени во Табела 2 во Прилози.

**Критериуми за згради при поголема реконструкција$_i$**
**Член 10**

Максимално дозволени коефциенти на специфични трансмисиски топлински загуби $H_T$ на станбени и нестанбени згради со внатрешна температура $_i$ ≥ 18°C, коишто подлежат на поголема реконструкција, во зависност од факторот на форма на зградата ($f_0$), се дадени во Табела 2 во Прилози.

**Критериуми за нискотемпературни згради или зони во згради со ниска температура**
**Член 11**

Категоријата нискотемпературни згради се однесува на следните објекти со ниски внатрешни температури од 12°C до 18°C:

- технички објекти во кои заради намената внатрешноста се грее на температура повисока од 12°C
- објекти за спорт и масовни собири.

Единствен критериум кој овој вид згради треба да го исполнат се вредностите *U* за поедини конструкции да не ги надминат максимално дозволените во Табела 1 во Прилози.

Критериумите не се однесуваат на пливачки базени.

**Стимулација за употреба на обновливи извори на енергија и повисок енергетски карактеристики на зградите од бараните**
**Член 12**

Зградите за кои ќе биде приложен математички доказ дека потребите за греење на зградата се помали за најмалу 10% од минималните барања во Правилникот, ќе бидат стимулирани со намалување на надоместокот за комуналии за 15%, во делот кој припаѓа на Општината Карпош. Доколку изтата зграда е проектирана да користи и некој од обновливи извори на енергија (сончева, геотермална), надоместокот за комуналии се намалува за дополнителни 5%, односно максималното ослободување од комуналните давачки ќе изнесува 20%.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 13**

Правилникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-506/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01.2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

## ПРИЛОЗИ

### Методологија за пресметки во елаборатот за градежна физика

Постапка за пресметки се состои од следните чекори:

1. Дефинирање на влезните податоци
   - надворешна проектна температура $\square_e$= -15°C
   - степен ден DD = 2 600
2. Дефинирање на корисна површина во зградата, $A_n$ во $m^2$, со употреба на внатрешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789.
3. Пресметка на површината на обвивката на зграда, $A$ во $m^2$, со примена на надворешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789.
4. Пресметка на внатрешен нето греан волумен на зградата, $V$ во $m^3$, пресметан со внатрешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789 или со упростена пресметка, $V = 0{,}8\ V_e$.
5. Пресметка на факторот на форма на зградата, $f_0 = A / V_e$ во $m^{-1}$.
6. Пресметка на коефициентите на пренесување на топлина (вредности $U$) за сите градежни конструкции од обвивката на зградата, во согласност со стандардот МКС EN ISO 6946 и споредени со референтните вредности во Табела 1 во Прилози. Пресметаните вредности $U$ еднакви или помали од референтните се само предуслов за задоволување на барањата со овој Правилник, но не и единствен критериум.
   При пресметка на вредностите $U$, за одредени градежни материјали треба да се користат вредности на коефициентите на топлинска спроводливост $\lambda$ дадени во Табела 3 во Прилози.
7. Парцијална пресметка на површините на сите градежни конструкции од обвивката на зградата, со употреба на надворешни димензии, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789.
8. Пресметка на вкупни трансмисиски топлински загуби низ обвивката на објектот, $H_{tr} = \Sigma\ A \cdot U$ во W/K, во согласност со стандардот МКС EN ISO 13789.
9. Пресметка на коефициент на специфични топлински загуби со трансмисија во согласност со формула $H_T = (H_{tr}/A)$, изразен во $W/(m^2 \cdot K)$. Крајниот критериум е максимално дозволена вредност $H_T$, која треба да биде еднаква или помала од вредностите $H_T$ дадени во Табела 2 во Прилози.

10. Влијанието на топлинските мостови во конструкциите се прави со мултиплицирање на вредноста на коефициентот $H_T$ со факторот $U_{TB}$, чија бездимензионална вредност изнесува 1,35. Крајната пресметка на енергетските потреби за греење на годишно ниво, $Q$, со вклучено влијание на топлинските мостови во коефициентот $H_T$, се прави со помош на формула

$$Q = (H_T \boxdot U_{TB} \cdot A \cdot DD \cdot h) / A_n \quad \text{во } kWh/m^2a$$

**Табела 1: Максимално дозволени коефициенти на пренесување на топлината $U_{max}$**

| Реден број | Градежна конструкција | $U_{max}$[1)] vo W/(m$^2$·K) | |
|---|---|---|---|
| | | **Згради со внатрешна температура □$_i$≥ 18°C** | **Нискотемпературни згради или зони со внатрешна температура □$_i$od 12°C do 18°C** |
| 1 | Надворешни ѕидови и ѕидови кон негреани простори | 0,35 | 0,60 |
| 2 | Ѕидови помеѓу греани простори со различни грејни системи, различни корисници или сопственици | 0,60 | нема услов |
| 3 | Надворешни ѕидови вкопани во терен [2)] | 0,60 | 0,80 |
| 4 | Меѓукатна конструкција помеѓу греани простори | 1.35 | 1,35 |
| 5 | Меѓукатна конструкција над негреан простор | 0,35 | 0,45 |
| 6 | Подна конструкција на терен [2)] | 0,40 | 0,70 |
| 7 | Меѓукатна конструкција над отворен простор - еркер | 0,30 | 0,45 |
| 8 | Рамни или коси покриви над греан простор | 0,20 | 0,60 |
| 9 | Лесни градежни конструкции (под 150 kg/m$^2$), освен покривни | 0,30 | 0,40 |
| 10 | Прозорци и балконски врати со рамки од PVC и двослојно или трослојно застаклување [3)] | 1,70 | 2,00 |
| 11 | Прозорци и балконски врати со рамки од дрво и прозорци во потпокрив, со двослојно или трослојно застаклување [3)] | 1,80 | 2,00 |
| 12 | Прозорци и балконски врати со рамки од метал со топлински прекини на топлинските мостови [3)] | 2,00 | 2,00 |
| 13 | Висечки фасади [4)] | 1,90 | - |

[1)] Пресметките се прават според стандардот МКС EN ISO 6946

[2)] Пресметките се прават според стандардот МКС EN ISO 13370

[3)] Пресметките се прават според стандардот МКС EN ISO 10077-1 или се земаат од производителите на прозорците, доставени во форма на извештаи од испитувања во овластени институции.

[4] Пресметките се прават според стандардот МКС EN 13947 или се земаат од производителите на прозорците, доставени во форма на извештаи од испитувања во овластени институции.

**Табела 2: Максимално дозволени коефциенти на специфични трансмисиски топлински загуби“ $H'_T$ на новоизградени згради и згради коишто подлежат на поголема реконструкција, со внатрешна температура $_i$ ≥ 18°C, во зависност од факторот на форма на зградата ($f_0$)**

| $f_0$ $m^{-1}$ | W/m²·K | | W/m²·K | |
|---|---|---|---|---|
| | Нови станбени згради | Станбени згради при поголема реконструкција | Нови нестанбени згради | Нестанбени згради при поголема реконструкција |
| | $H'_T = 0,3 + 0,15/f_0$ | $H'_T = 0,39 + 0,19/f_0$ | $H'_T = 0,35 + 0,24/f_0$ | $H'_T = 0,46 + 0,31/f_0$ |
| ≤ 0,20 | 1,05 | 1,34 | 1,55 | 2,01 |
| 0,30 | 0,80 | 1,02 | 1,15 | 1,99 |
| 0,40 | 0,68 | 0,87 | 0,95 | 1,24 |
| 0,50 | 0,60 | 0,77 | 0,83 | 1,08 |
| `0,60 | 0,55 | 0,71 | 0,75 | 0,98 |
| 0,70 | 0,51 | 0,66 | 0,69 | 0,90 |
| 0,80 | 0,49 | 0,63 | 0,65 | 0,85 |
| 0,90 | 0,47 | 0,60 | 0,62 | 0,80 |
| ≥ 1,00 | 0,45 | 0,58 | 0,59 | 0,77 |

Меѓувредности за факторот $f_0$ се добиваат со интерполација.

**Листа на стандарди потребни за методологијата за пресметки во Правилникот**

| | |
|---|---|
| МКС EN ISO 6946 | Градежни конструкции и компоненти - Топлински отпор и коефициент на пренесување на топлината - Пресметковен метод |
| МКС EN ISO 7345 | Топлинска изолација - Физички големини и дефиниции |
| МКС EN ISO 9229 | Топлинска изолација - Речник |
| МКС EN ISO 10077-1 | Топлински карактеристики на пеозорци, врати и капаци - Пресметка на коефициент на пренесување на топлина - Дел 1: Поедноставена метода |
| МКС EN ISO 10211 | Топлински мостови во градежна конструкција - Топлински протоци и површински температури - Детални пресметки |
| МКС EN ISO 13370 | Топлински карактеристики на згради - Пренесување на топлина низ тло - Методи за пресметка |
| МКС EN ISO 13789 | Топлински карактеристики на згради - Коефициент на трансмисиски и вентилациски пренос на топлина - Метод за пресметка |
| МКС EN ISO 13790 | Топлински карактеристики на згради - Коефициент на трансмисиски и вентилациски пренос на топлина - Метод за пресметка |
| МКС EN 13947 | Топлински карактеристики на висечки фасади - Пресметка на коефициент на пренесување на тплина |
| МКС EN ISO 14683 | Топлински мостови во градежна конструкција - Коефициент на линеарно пренесување на топлина - Упростени методи и вообичаени вредности |

Табела 3: Топлинско-технички својства на градежни материјали

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$ kg/m$^3$ | $c$ J/(kg≅K) | $\lambda$ W/(m$^2$≅K) | $\mu$ – |
| **I. Ѕидови** | | | | |
| 1. Полна тула (шуплини 0-15%) | 1 800<br>1 600<br>1 400<br>1 200 | 920<br>920<br>920<br>920 | 0,76<br>0,64<br>0,58<br>0,47 | 12<br>9<br>7<br>5 |
| 2. Сакеста и шуплива тула (густина на тулата со вклучени шуплини) | 1 400<br>1 200 | 920<br>920 | 0,61<br>0,52 | 6<br>4 |
| 3. Порозна тула | 800 | 920 | 0,33 | 2,5 |
| 4. Клинкер тула (полна)<br>Клинкер тула (со шуплини) | 1 900<br>1 700 | 880<br>880 | 1,05<br>0,79 | 35<br>30 |
| 5. Блокови од електрофилтерски пепел | 1 500<br>1 300 | 920<br>920 | 0,58<br>0,47 | 5<br>4 |
| 6. Силикатна полна тула | 2 000<br>1 800<br>1 600 | 920<br>920<br>920 | 1,10<br>0,99<br>0,79 | 20<br>16<br>13 |
| 7. Силикатна шуплива тула (густина на тулата со вклучени шуплини) | 1 400<br>1 200 | 920<br>920 | 0,70<br>0,56 | 7<br>4 |
| 8. Поролит | 1 200 | 920 | 0,52 | 4 |
| 9. Термоблокови од згура (густина на блокот со вклучени шуплини) | 1 600<br>1 400<br>1 200 | 920<br>920<br>920 | 0,64<br>0,58<br>0,52 | 4<br>4<br>4 |
| 10. Блокови од гасбетон и пенобетон | 800<br>600 | 1 050<br>1 050 | 0,35<br>0,27 | 7<br>5 |
| 11. Полни блокови од лесен бетон | 1 000<br>1 200<br>1 400<br>1 600 | 840<br>840<br>840<br>840 | 0,47<br>0,52<br>0,64<br>0,80 | 4<br>5<br>7<br>9 |
| 12. Бетонски блокови од лесен бетон со шуплини во два реда (густина на блокот без шуплини) | 1 000<br>1 200<br>1 400 | 1 050<br>1 050<br>1 050 | 0,44<br>0,49<br>0,56 | 2<br>3<br>4 |
| 13. Исто како под 12. само со шуплини во три реда (густина на блокот без шуплини) | 1 400<br>1 600 | 1 050<br>1 050 | 0,49<br>0,56 | 5<br>6 |
| 14. Ѕид од природен камен | 2 000 | 920 | 1,16 | 22 |
| 15. Бетонски блокови со шуплини во три реда (густина на блокот со | 1 600 | 960 | 0,74 | 10 |

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$ kg/m$^3$ | $c$ J/(kg≅K) | $\lambda$ W/(m$^2$≅K) | $\mu$ – |
| вклучени шуплини) | | | | |
| **II. Малтери** | | | | |
| 16. Варовнички малтер | 1 600 | 1 050 | 0,81 | 10 |
| 17. Продолжен варовнички малтер | 1 700<br>1 800<br>1 900 | 1 050<br>1 050<br>1 050 | 0,85<br>0,87<br>0,99 | 15<br>20<br>25 |
| 18. Цементен малтер<br>Цементен естрих | 2 100<br>2 200 | 1 050<br>1 050 | 1,40<br>1,40 | 30<br>30 |
| 19. Благороден фасаден малтер | 1 850 | 1 050 | 0,70 | 15 |
| 20. Цементен малтер + латекс) | 1 900 | 1 050 | 0,70 | 30 |
| 21. Гипсен и варовничко-гипсен малтер<br>Лесен гипсен малтер | 1 500<br>1 000 | 920<br>920 | 0,70<br>0,47 | 9<br>4 |
| 22. Перлитен малтер<br>Топлинско-изолациски малтер<br>Гипсен малтер на трска<br>Гипсен малтер на рабиц мрежа | 500<br>600<br>1 000<br>1 200 | 1 050<br>920<br>920<br>920 | 0,13<br>0,19<br>0,47<br>0,58 | 4<br>6<br>3<br>4 |
| **III. Природен камен и земја** | | | | |
| 23. Гранит - гнајс | 2 600 - 2 800 | 920 | 3,50 | 65 |
| 24. Густи вапненци, доломити, мрамори | 2 650 - 2 850 | 920 | 2,3 - 3,5 | 65 |
| 25. Песочник, аморфен варовник | 2 600 | 920 | 1,70 | 50 |
| 26. Песок и ситен чакал | 1 500 - 2 000 | 840 | 1,2 - 1,7 | 15 |
| 27. Обработлива земја, хумус | 1 500 - 2 000 | 840 | 1,5 - 2,6 | 50 |
| **IV. Материјали за исполна** | | | | |
| 28. Песок сув | 1 800 | 840 | 0,58 | 1,4 |
| 29. Чакал сув | 1 700 | 840 | 0,81 | 1,5 |
| 30. Дробена тула | 800 | 920 | 0,41 | 1,3 |
| 31. Дробена плута | 50 | 840 | 0,04 | 1,1 |
| 32. Перлит насипан | 100 | 840 | 0,05 | 1,3 |
| 33. Керамзит насипан | 400 | 840 | 0,22 | 1,3 |
| 34. Струганици | 250 | 2 090 | 0,09 | 1,2 |
| 35. Минерална или стаклена волна | 50 | 840 | 0,04 | 1 |
| 36. Кохерентна почва (влажна) | 1 700 | 840 | 2,10 | |
| **V. Бетони** | | | | |
| 37. Бетони од камен агрегат | 2 500<br>2 400<br>2 200 | 960<br>960<br>960 | 2,33<br>2,04<br>1,51 | 90<br>60<br>30 |

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$<br>kg/$m^3$ | $c$<br>J/(kg≅K) | $\lambda$<br>W/($m^2$≅K) | $\mu$<br>– |
| | 2 000 | 960 | 1,16 | 22 |
| | 1 800 | 960 | 0,93 | 15 |
| 38. Керамзит-бетони | 1 400 | 1 000 | 0,58 | 10 |
| | 1 200 | 1 000 | 0,47 | 6 |
| | 1 000 | 1 000 | 0,38 | 4 |
| | 800 | 1 000 | 0,29 | 3 |
| 39. Парени гасбетони и пенобетони | 800 | 1 050 | 0,29 | 7 |
| | 600 | 1 050 | 0,23 | 5 |
| | 500 | 1 050 | 0,19 | 3 |
| | 400 | 1 050 | 0,14 | 2 |
| 40. Бетони од тула | 1 600 | 920 | 0,76 | 6 |
| | 1 400 | 920 | 0,58 | 4 |
| | 1 200 | 920 | 0,47 | 3 |
| 41. Бетон од згура | 1 600 | 960 | 0,76 | 5 |
| | 1 400 | 960 | 0,58 | 4 |
| | 1 200 | 960 | 0,47 | 3 |
| **VI. Материјали за облагање** | | | | |
| 42. Гипс-картонски плочи | | | | |
| - до 15 mm | 900 | 840 | 0,21 | 12 |
| - до 18 mm | 900 | 840 | 0,23 | 8 |
| 43. Полни гипс-плочи | 1 400 | 840 | 0,70 | 12 |
| | 1 200 | 840 | 0,58 | 8,5 |
| | 1 000 | 840 | 0,47 | 6 |
| 44. Плочи од гипс со исполна со шуплини или пори | 800 | 840 | 0,35 | 4 |
| | 600 | 840 | 0,29 | 3 |
| 45. Клинкер плочки | 1 900 | 920 | 1,05 | 100 |
| 46. Плочки од тула | 1 800 | 920 | 0,79 | 20 |
| 47. Фасадни плочки глазирани | 1 800 | 920 | 0,92 | 300 |
| 48. Керамички плочки | | | | |
| - камени-глазирани | 1 700 | 920 | 0,87 | 200 |
| - подни-неглазирани | 2 300 | 920 | 1,28 | 200 |
| 49. Керамички мозаик | | | | |
| - 50 mm x 50 mm - 16% фуги | 1 900 | 880 | 0,99 | 140 |
| - 20 mm x 20 mm - 21% фуги | | | | 100 |
| - 12 mm x 12 mm - 26% фуги | | | | 90 |
| 50. Стаклен мозаик 20 mm x 20 mm - 20% шуплини | 2 300 | 840 | 0,70 | 150 |
| 51. Линолеум | 1 600 | 1 880 | 0,19 | 500 |
| 52. Гуми | 1 000 | 1 470 | 0,16 | 10 000 |

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$ kg/m$^3$ | $c$ J/(kg≅K) | $\lambda$ W/(m$^2$≅K) | $\mu$ – |
| 53. Префабрикувани бетонски елементи | 2 500<br>2 400 | 960<br>960 | 2,33<br>2,04 | 90<br>70 |
| 54. Лесни бетонски елементи | 1 200 | 920 | 0,47 | 10 |
| 55. Плочи од густи вапненци, доломити и мрамори<br>Плочи од песочници | 2 650 - 2 850<br>2 600 | 880<br>880 | 2,33<br>2,33 | 65<br>50 |
| 56. Прозорско стакло | 2 500 | 840 | 0,81 | 10 000 |
| 57. Армирано стакло | 2 600 | 840 | 0,44 | 100 000 |
| 58. Шупливи стаклени блокови | 1 100 | 840 | 0,44 | 4 000 |
| 59. Дрво<br>- дабово<br>- смрека, бор | <br>700 - 800<br>500 - 600 | <br>2 090 - 2 510<br>2 090 | <br>0,21<br>0,14 | <br>40 - 60<br>70 |
| 60. Панел-плочи, водоотпорни<br>- тешки за облагање однадвор<br>- тешки за облагање однатре | 600<br>620<br>400 | 2 090<br>2 090<br>2 090 | 0,12<br>0,13<br>0,08 | 60<br>60<br>30 |
| 61. Шпер плочи водоотпорни<br>- за облагање однатре | 660<br>550 | 2 090<br>2 090 | 0,14 | 100<br>60 |
| 62. Иверки<br>- тврди<br>- меки | <br>1 000<br>400<br>300<br>200 | <br>1 880<br>2 090<br>2 090<br>2 090 | <br>0,12<br>0,058<br>0,052<br>0,047 | <br>17<br>6<br>3<br>2 |
| 63. Иверки пресувани | 600 | 2 090 | 0,099 | 60 |
| 64. Плочи од дрвена волна (изолит, хераклит и сл.)<br>- со дебелина од 15 mm<br>- со дебелина од 25 mm<br>- со дебелина од 35 mm<br>- со дебелина од 50 mm | <br>550<br>500<br>450<br>400 | <br>2 010<br>1 670<br>1 670<br>1 670 | <br>0,14<br>0,099<br>0,093<br>0,081 | <br>11<br>8<br>6<br>5 |
| 65. Тапети од хартија<br>- перливи<br>- пластични | 600<br>700<br>700 | 1 340<br>1 340<br>1 250 | 0,15<br>0,15<br>0,20 | 5<br>10<br>3 000 |
| **VII. Битумен и асфалт** | | | | |
| 66. Битумен | 1 100 | 1 050 | 0,17 | 1 200 |
| 67. Асфалт<br>Асфалт 20 mm | 2 100<br>1 900 | 1 050<br>1 050 | 0,70<br>0,70 | 2 500<br>2 000 |
| 68. Битуменска лепенка | 1 100 | 1 460 | 0,19 | 2 000 |
| **VIII. Подни облоги** | | | | |
| 69. PVC хомоген | 1 400 | 960 | 0,23 | 10 000 |

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$ kg/m$^3$ | $c$ J/(kg≅K) | $\lambda$ W/(m$^2$≅K) | $\mu$ – |
| PVC на филц | 800 | 960 | 0,12 | 3 000 |
| 70. Тепих<br>- напнат тафтинг<br>- лепен тафтинг<br>- иглест филе, лепен | <br>250<br>270<br>300 | <br>1 230<br>1 230<br>1 460 | <br>0,07<br>0,08<br>0,09 | <br>1,5<br>10<br>10 |
| 71. Штици за под | 520 | 1 670 | 0,14 | 15 |
| 72. Паркет | 700 | 1 670 | 0,21 | 15 |
| 73. Тврди дрвено-влакнести плочи | 900 | 1 670 | 0,19 | 70 |
| 74. Полиетиленски фолии | 1 000 | 1 250 | 0,19 | 80 000 |
| 75. PVC фолии, меки | 1 200 | 960 | 0,19 | 42 000 |
| **IX. Покривни материјали и ленти** | | | | |
| 76. Битуменски ленти со влошки од алуминиумски фолии со дебелина од<br>- 0,1 mm<br>- 0,2 mm | 900<br>950 | 1 460<br>1 460 | 0,19<br>0,19 | 100 000<br>150 000 |
| 77. Битуменска лента за заварување со дебелина од 5 mm со алуминиумска фолија од 0,2 mm | 1 000 | 1 460 | 0,19 | 140 000 |
| 78. Покривни лепенки | 1 100 | 1 460 | 0,19 | 2 000 |
| 79. Повеќекратно битуменско премач-кување армирано во еден слој<br>- 10 mm | 1 100 | 1 460 | 0,17 | 10 000 |
| 80. Повеќеслојна битуменска хидроизо-лација со дебелина од 13 до 16 mm<br>Повеќеслојна битуменска хидроизолација на перфорирана лепенка | 1 100<br>1 200 | 1 460<br>1 460 | 0,19<br>0,19 | 14 000<br>14 000 |
| 81. PVC покривна лента, мека | 1 200 | 960 | 0,19 | 20 000 |
| 82. PIB (полиизобутилен) лента | 1 600 | 960 | 0,26 | 300 000 |
| 83. CR (хлоропрен-каучук) лента | 1 300 | 1 000 | 0,23 | 100 000 |
| 84. CSM (хлосулфидна-полиетилен лента) | 1 500 | 1 000 | 0,30 | 80 000 |
| 85. EPDM (етилен-пропилен-каучук) лента | 1 200 | 1 040 | 0,30 | 100 000 |
| 86. Керамида | 1 900 | 880 | 0,99 | 40 |
| 87. Плочи од шкрилци | 2 800 | 820 | 2,90 | 120 |

| Материјал | Густина | Специфична топлина | Коефициент на топлинска спроводливост | Релативен коефициент на дифузија на влага |
|---|---|---|---|---|
| | $\rho$ kg/m$^3$ | $c$ J/(kg≅K) | $\lambda$ W/(m$^2$≅K) | $\mu$ – |
| **X. Метали** | | | | |
| 88. Челик<br>- леано железо | 7 800<br>7 200 | 460<br>500 | 58,50<br>46,50 | <br>600 000 |
| 89. Алуминиумска фолија 0,10 mm<br>0,15 mm<br>0,20 mm | 2 700 | 940 | 203,00 | 600 000<br>700 000<br>800 000 |
| 90. Бакарна фолија 0,10 mm<br>0,15 mm | 9 000 | 380 | 380,00 | 700 000<br>800 000 |
| 91. Олово | 11 500 | 130 | 35,00 | |
| 92. Цинк | 7 100 | 390 | 110,00 | |
| **XI. Термоизолациски материјали** | | | | |
| 93. Минерална и стаклена волна | 30 - 200 | 840 | 0,04 | 1 |
| 94. Стаклена пена | 145 | 840 | 0,056 | 10 000 |
| 95. Плута, експандирана, импрегнирана | 120<br>160 | 1 670<br>1 670 | 0,04<br>0,044 | 10<br>22 |
| 96. Плочи од прошиени трски | 800 | 1 260 | 0,046 | 2 |
| 97. Дрвобетон | 550<br>800 | 1 465<br>1 465 | 0,14<br>0,24 | 5<br>10 |
| 98. Плочи од синтетички материјали од повекеслоен полиестер | 1 400<br>1 500 | 1 590<br>1 090 | 0,19<br>0,23 | 50 000<br>50 000 |
| 99. Плочи од акрилни смоли | 1 180 | 1 000 | 0,19 | 8 000 |
| 100. PVMD и PVC плочи | 1 400 | 960 | 0,21 | 16 000 |
| 101. Полистиренски плочи (во блокови) | 15<br>20<br>25<br>30 | 1 260<br>1 260<br>1 260<br>1 260 | 0,04<br>0,04<br>0,04<br>0,04 | 25<br>35<br>40<br>45 |
| 102. Полистирен изведен во посебен калап | 20<br>25<br>30 | 1 260<br>1 260<br>1 260 | 0,04<br>0,04<br>0,04 | 40<br>50<br>60 |
| 103. Фенолни плочи резани од блокови | 40<br>60 | 1 260<br>1 260 | 0,04<br>0,04 | 35<br>40 |
| 104. Полиуретански плочи резани од блокови | 30<br>40 | 1 380<br>1 380 | 0,035<br>0,035 | 40<br>50 |
| 105. PVC-Плочи | 50 | 1 260 | 0,04 | 200 |
| 106. Уреа плочи | 15 | 1 260 | 0,04 | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

1.Се објавува Програмата за работа на Советот за 2012 година донесена на Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31 јануари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-777/14**
**01.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен .гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06) и чл. 137, 138 и 140 од Деловникот на Советот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/06), Советот на Општината Карпош на Четириесет и седмата седница одржана на 31 јануари 2012 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот за 2012 година

I.

1. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2О12 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општината Карпош

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Советот на Општината

2. ПРЕДЛОГ-ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2011 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

3. КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

4. ПРЕДЛОГ -ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2011 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

5 . ПРЕДЛОГ –БУЏЕТСКИ ЦИРКУЛАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

6. ПРЕДЛОГ ПРВ РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии
7. ПРЕДЛОГ ВТОР РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии
8. ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА
НА 10-ТЕ ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
ЗА УЧЕБНАТГА 2011-2012 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ : Основните училишта
и
ИЗГОТВУВАЧ:
9 .ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА
НА 4-ТЕ ЈАВНИ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИ
ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА 2011-2012 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Јавни општински детски
И установи
ИЗГОТВУВАЧ:
10 .ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА
НА 10-ТЕ ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
ЗА УЧЕБНАТА 2012-2013 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Основните училишта
и
ИЗГОТВУВАЧ: Основните училишта
11 .ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА
НА 4-ТЕ ЈАВНИ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИ
ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА 2012-2013 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Јавни општински детски
и установи
ИЗГОТВУВАЧ:
12. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА
ЗА 2011 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот
на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен

интерес

13. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2013 ГОДИН А

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

14. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2011 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

15. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2013 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

16. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕЈНОСТА ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2011 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за дејности од јавен интерес на Советот на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

17. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМАТА ЗА ДЕЈНОСТА ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за дејности од јавен интерес на Советот на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

18. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 НОЕМВРИ – ДЕНОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2013 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош

